МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Скопје, Февруари 2022 година

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува:

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

### Член 1

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-6397/1 од 01.06.2015 година и измените на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-11933/2 од 01.12.2015 година, бр.04-11314/3 од 08.12.2015 година, бр.04-2753/2 од 20.02.2016 година, бр.04-5362/2 од 13.06.2016 година, бр.04-6948/1 од 11.07.2016 година, бр.04-8800/3 од 29.09.2016 година, бр.04-10445/1 од 01.12.2016 година, бр.04-994/1 од 01.02.2017 година, бр.04-2947/1 од 11.04.2017 година, бр.04-5497/1 од 31.07.2017 година, бр.04-2591/1 од 03.02.2018 година, бр.04-5444/1 од 26.04.2018 година, бр.04-6112/1 од 17.05.2018 година, бр.04-8025/3 од 03.08.2018 година, бр.04-9996/2 од 06.11.2018 година, 04-7601/1 од 18.07.2019 година, 04-10416/1 од 18.10.2019 година, 04-10904/1 од 31.10.2019 година, 04-12588/3 од 19.12.2019 година, 04-12851/1 од 23.12.2019 година и 04-6984/1 од 23.09.2020 година, и 04-369/1 од 11.01.2021 година, бр. 04-1488/1 од 02.02.2021 година, бр. 04-4634/3 од 29.04.2021 година, бр. 04-7378/2 од 14.09.2021 година, (во понатамошниот текст министерството) и тоа

### Член 2

Во член 16 во делот табеларниот приказ на работни места, работното место со реден број 8, со шифра УПР 01 01 Б01 000 - Државен советник за рурален развој, се менува називот на работното место и гласи: „Државен советник за рурален развој и развој на земјоделството„

### Член 3

Во член 16 во делот табеларниот приказ на работни места, работното место со реден број 8, со шифра УПР 01 01 Б01 000 - Државен советник за рурален развој, во делот Вид на образование се бришат зборовите „Економски, Биологија ", а се додаваат зборовите „Лозарство, Овоштарство„.

### Член 4

Во член 19 во делот табеларниот приказ на работни места, работното место со реден број 48, со УПР 01 01 Б02 000 - Раководител на Сектор за меѓународна соработка, во делот Вид на образование се бришат зборовите „ Растително производство ", а се додаваат зборовите „Шумарство и хортикултура„.

### Член 5

Во член 30 во делот табеларниот приказ на работни места, во Сектор за шумарство и ловство, работното место со реден број 263 со шифра УПР 01 01 Б03 000 - Раководител на Сектор за шумарство и ловство се додава ново работно место со реден број 263-а кој гласи:

| 14 СЕКТОР ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО | |
|---|---|
| **Реден број** | 263-а |
| **Шифра** | УПР 01 01 Б03 000 |
| **Ниво** | Б3 |
| **Звање** | Помошник раководител на Секторот |
| **Назив на работно место** | Помошник раководител на Секторот за шумарство и ловство |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на Сектор |
| **Биотехнич** | Шумарство и хортикултура |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Ефикасно, ефективно и квалитетно да раководи, дава совети, насоки или да помага при раководењето со секторот од областа на шумарството и ловството. |
| **Работни задачи и обврски** | -Соработува со другите раководители на сектори во органот, како и со раководителите на сектори од другите органи за прашања од делокруг на секторот,<br>-Во случај на отсуство или спреченост на непосредно претпоставениот административен службеник го заменува истиот врз основа на овластување од секретарот или функционерот,<br>-Помага во подготовка на мислења и анализи за прашања поврзани со одредени политики и со остварувањето на програмата за работа на секторот,<br>-Помага во подготовка на мислења до надлежните институции од областа на шумарството и ловството,<br>-Учествува во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија, кога за тоа е овластен. |

**Член 6**

Во член 38 во делот табеларниот приказ на работни места, Сектор за организација и координација на подрачни единици – ПЕ Липково, работното место со реден број 321.4, со шифра УПР 01 01 Г04 000 - Помлад референт за административни работи се брише.

**Член 7**

Согласно извршените измени во интегралниот текст се вршат измени и на табеларен преглед на систематизирани работни места како составен дел на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

МИНИСТЕР,

Љупчо Николовски

Бр. 04-2523/2

10.02. 2022 година

Скопје